**Република Северна Македонија**
**Општина Неготино**
**Градоначалник**

Број 11-17/14
Дата 30.09.2024 год.

ОПШТИНА НЕГОТИНО

Ацо Аџи Илов,бр.2
1440 Неготино
Република Северна
Македонија

Тел. (043) 361- 045
Ф: (043) 361 933

www.negotino.gov.mk
info@negotino.gov.mk

Врз основа на член 27 став 5 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23 и 171/24), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Неготино за 2024 година од Совет на Општина Неготино, Градоначалникот на Општина Неготино упатува:

# ЈАВЕН ПОВИК

за организирање на јавна презентација и јавна анкета за нацрт план - **Детален урбанистички план за Урбана единица 7, дел од блок 23 (помеѓу улиците Маршал Тито и регулирано речно корито на „Неготинска река"), Општина Неготино,**

Се известуваат граѓаните, сите заинтересирани правни и физички лица од подрачјето опфатено со планот, подрачјата соседни на планскиот опфат, широката јавност, претставници на стручната јавност, претставници од органи на државната управа, претставници на единиците на локалната самоуправа, стручни лица од невладини организации и други стручни лица од областа што е релевантна за планирањето и за конкретниот плански опфат, дека општина Неготино организира јавна презентација и јавна анкета за Нацрт- **Детален урбанистички план за Урбана единица 7, дел од блок 23 (помеѓу улиците Маршал Тито и регулирано речно корито на „Неготинска река"), Општина Неготино**.

**Граници на планскиот опфат се:**

- на север е улица „Баба Ана Ташева", и
- на западната страна улица „Маршал Тито".
- на источната страна „Неготинска река".

Опфатот е со површина од 0,98 ха.

**Јавната анкета**

Јавната анкета за нацрт план - **Детален урбанистички план за Урбана единица 7, дел од блок 23 (помеѓу улиците Маршал Тито и регулирано речно корито на „Неготинска**

**река"), Општина Неготино**, според урбанистичка документација изработена од „ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ Скопје со технички број 04-36/2024 од септември 2024 година, ќе се спроведе со излагање на планот во просториите на општина Неготино како и со објавување на планот во системот за е-урбанизам.

Јавната анкета ќе трае 30 (триесет) денови и тоа од 16.10.2024 година до 14.11.2024 година, секој работен ден од 8.00 до 16.00 часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот, можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

**Јавната презентација**

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 16.10.2024 година во 12:00 часот во просториите на општина Неготино.

ГРАДОНАЧАЛНИК
Горан Стојанов